Further Development and Financial Sustainability of the Civil Society
Project: Civil society in action for equality!
Contract no. 12-8669/1

The Project is funded
by the European Union

ПРЕДМЕТ: **Повик за експерт за подготовка и креирање на веб-портал**

Референтен број: **12-8669/1;0503-109**

Почитувани,

Асоцијацијата за Демократски Иницијативи (АДИ) објавува повик за избор на експерт за подготовка и креирање на веб-портал за потребите на проектот **: „Граѓанското општество во акција за еднаквост“**. Проектот е финансиран од Европската Унија (ЕУ). Со повикот, ќе биде избран еден (1) експерт, кој ќе ја изработи содржината на веб-порталот за потребите на проектот во согласност со доставениот ***Опис на надлежности.*** Набавката на услугите е неделива. Проектот „Граѓанското општество во акција за еднаквост“ се имплементира во рамки на ИПА Национална програма за транзициска помош и градење на институциите 2011, Грантова шема “Понатамошен развој и финансиска одржливост на граѓанското општество“-EuropeAid/136-625/ID/ACT/MK, спроведуван од Секторот за централно финансирање и склучување договори, при Министерството за Финансии и Генералниот секретаријат на Владата на Р.М. и Асоцијацијата за Демократски Иницијативи (АДИ) во партнерство со Центар за Ромска Заедница (ДРОМ) Куманово и Асоцијација Иницијатива за социјална промена (ИнСоК) Скопје.

Во рамки на проектот планирано е подготовка и креирање на веб-портал. За таа цел заинтересираните кандидати треба да ги достават следните документи: Прилог 2. Ваша биографија и Прилог 3. Пропратно писмо со краток опис за мотивот за пријавување на повикот, како и предлог - содржина за подготовка и креирање на веб-порталот. Подетални информации за бараниот ангажман се дадени во Прилог 1: Опис на надлежности.

Клучен критериум за избор на експертот (добавувач) ќе бидат образованието, професионалното искуство и квалификациите и вештините за подготовка и креирање на веб-порталот според понудената предлог - содржина од Прилог 2.

Понудата се доставува преку е-пошта на: katica@adi.org.mk или до архивата на АДИ, бул. Браќа Ѓиноски бр. 61, 1230 Гостивар.

Понудата треба да се достави во рок од 5 дена од денот на објавување на огласот, **но не подоцна од 26.02.2016 г до 16 часот.**

Лулзим Хазири,

Извршен директор,

The Project is implemented by:

**ПРИЛОГ 1: ОПИС НА НАДЛЕЖНОСТИ**

## 1. ЦЕЛ, НАМЕНА И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

### 1.1. Цел

Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ) Гостивар, во партнерство со Центар за Ромска заедница (ДРОМ) Куманово и Асоцијација Иницијатива за социјална промена (ИнСоК) Скопје го спроведува проектот „Граѓанското општество во акција за еднаквост". Проектот се спроведува во рамки на ИПА Национална програма за транзициска помош и градење на институциите 2011, Грантова шема "Понатамошен развој и финансиска одржливост на граѓанското општество"-EuropeAid/136-625/ID/ACT/MK. Проектот е финансиран од Делегацијата на ЕУ, спроведуван од Секторот за централно финансирање и склучување договори, при Министерството за Финансии и Генералниот секретаријат на Владата на Р.М.

Општата цел на проектот е да се поддржи активното вклучување на граѓанското општество во спроведувањето на недискриминациските политики и практики. Посебни цели се да се зајакне капацитетот на граѓанските организации да ги промовираат и мониторираат недискриминациските стандарди и практики; да се зајакне меѓу-институционалната соработка за превенција и борба против дискриминација на локално ниво; да се подигне свеста за законодавтсвот ои концептот на еднаквост.

Целна област: општините Гостивар, Тетово, Прилеп, Битола, Шуто Оризари, Куманово, Штип, и Берово.

### 1.2. Намена и очекувани резултати

Намената на конкретната активност е подготовка и креирање на веб портал, којшто ќе претставува корисна алатка за промоција на недискриминацијата и еднаквите можности. Веб порталот треба да биде креиран со цел обезбедување на постојан тек на информации, споделување на релевантни документи, објави на активностите или иницијативите. Веб порталот ќе обезбеди транспарентност и легитимност на проектните активности. Веб порталот ќе содржи корисни информации за Законот за заштита од дискриминација, релевантните институции, референци и дополнителни ресурсни материјали.

## 2. ДОМЕН НА РАБОТА

### 2.1 Опис на задачата

Во рамките на проектните активности предвидено е подготовка и креирање на веб-портал.

За таа цел АДИ ќе ангажира еден (1) експерт кои ќе работи на подготовка, развој и креирање на веб-портал за проектот "Граѓанското општество во акција за еднаквост!".

Веб порталот ќе биде наменет за информирање и промовирање на сите проектни активности и ќе се користи како алатка за видливост на проектните активности во текот на нивното спроведување.

### 2.2. Специфични активности

Веб порталот на проектот треба да има модерен дизајн, со едноставно и лесно за пребарување мени. Лесна навигација треба да биде обезбедена. Веб порталот треба да биде компатибилен со најголемиот дел од веб пребарувачите.

Експертот ќе треба да соработува со проектниот тим, со цел да се обезбеди функционален портал согласно потребите на проектот, како и обезбедување можност за ефикасно администрирање, поддршка и ажурирање на содржината од страна на веб администраторот на проектот. Дополнително, дизајнот треба да ги задоволи следните барања:

- Јасно мени и структура;
- Конзистентна слика, фонтови, икони и слика;
- Обезбедување видливост на донаторот.

## 3. <u>ВРЕМЕНСКА РАМКА</u>

### 3.1 Датум на започнување и период на спроведување на специфичните активности

Планиран период за подготовка и креирање на веб-порталот 1-10 март 2016.

### 3.2. Цена

Вкупните планирани финансиски средства според финансискиот план изнесуваат 600€ (евра) /37.018 МКД . Трошоците паѓаат на сметка на проектот **„Граѓанското општество во акција за еднаквост“**.

**<u>Критериуми</u>**

***Квалификации и вештини***

- Универзитетско образование од областа на информатичките технологии;
- Напредно познавање на современите веб развојни технологии; познавање на веб дизајн;
- Одлични комуникациски вештини и вештини за тимска работа;

***Професионално искуство***

- Најмалку 5 години професионално искуство развој на веб-портали или веб апликации, веб софтвер за дизајн и програмски јазици;

***Специфично професионално искуство***

- Одлично познавање на програмските јазици HTML, CSS и JavaScript;
- Одлично познавање на алатките за дизајнирање како што се Adobe Photoshop, Illustrator и Dreamweaver.

## ПРИЛОГ 2. РАБОТНА БИОГРАФИЈА

**Предложена улога на проектот:**

Презиме:

Име:

Датум на прием:

Националност:

Граѓански статус:

Образование:

| Институција<br>(Датум од – Датум до) | Степен(-) или диплома(-и): |
|---|---|
| | |
| | |

**Јазични вештини:** Наведете го нивото на знаење на скала од 1 до 5 (1 – одлично познавање; 5 – основно познавање)

| Јазик | Читање | Говорење | Пишување |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

Членство во професионални организации:

**Други вештини:** (на пр. компјутери и слично)

Сегашна позиција:

Години во фирмата:

**Клучни квалификации:** (Релевантни за проектот)

Конкретно искуство во регионот:

| Земја | (Датум од – Датум до) |
|---|---|
| | |
| | |
| | |

Професионално искуство

| (Датум од – Датум до) | Локација | Компанија и лице за препораки[1] (име и детали за контакт) | Позиција | Опис |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Други релевантни информации (на пр. публикации)

## ПРИЛОГ 3. ПОПРАТНО ПИСМО

The Project is funded
by the European Union

# ДОГОВОР ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОВРЕМЕНИ РАБОТИ

Склучен на

1 март, 2016

___________________________

помеѓу

*Асоцијација за демократска иницијатива*
(во понатамошен текст АДИ)

И

___________________________________

Матичен број:______________________

Место на живеење:

(во понатамошен текст - експерт)

**Член 1**

АДИ ќе го ангажира експертот за подготовка и креирање на веб-портал за потребите на проектот "Граѓанското општество во акција за еднаквост!", финансиски поддржан од Делегацијата не ЕУ, спроведуван од Секторот за централно финансирање и склучување договори, при Министерството за Финансии и Генералниот секретаријата на Владата на Р.М. во временскиот период од 1 до 10 март 2016.

**Член 2**

Исплатата ќе се изврши по доставувањето на табелата за временската ангажираност.

Член 3

Максималната вредност на работите изнесува 37.018 МКД. Износот е нето износ.

**Член 4**

Сите давачки за персонален данок паѓаат на товар на АДИ.

**Член 5**

Договорните страни може да го прекинат овој договор со претходна најава од 7 дена.

**Член 6**

АДИ може да го поништи овој договор во случај експертот го крши законот, не ги извршува работните задачи или стори дело кое може да го дискредитира АДИ.

**Член 7**

АДИ може во секое време да го прекине или поништи овој договор во случај активностите на кои е ангжиран работникот се суспендирани или прекинати.

**Член 8**

Овој договор е направен во два истоветни примероци, еден за експертот и еден за АДИ.

**Член 9**

За секој спор кој што произлегува од овој договор надлежен е Основниот Суд во Гостивар.

Експерт АДИ

Лулзим Хазири

Извршен директор

___________________ (М.П) ____________________

Потпис Потпис